# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 13/2023 31.10.2023 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.31/2023 одржана на ден 30.10.2023 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на Финансиски извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01.2013 до 30.09.2023 година бр. 26-1051/2,
2. Одлука за усвојување на Финансиски извештај за извршување на буџет на Општина Пробиштип за период од 01.01.2013 до 30.09.2023 година бр. 26-1051/3,
3. Прграма за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-1051/4,
4. Програма за изменување и дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште на територијата на општина Пробиштип за 2023 година бр. 26-1051/5,
5. Одлука за изменување и дополнување на буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година-Ребаланс на буџетот бр. 26-1051/6,
6. Одлука за давање на согласност на Изменување на Годишен план за вработување на ООУ Браќа Миладиновци за 2023 година бр. 26-1051/7,
7. Програма за изменувње и дополнување на Програмата за работи во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Пробиштип бр. 26-1051/8,
8. Одлука за утврдување на нацрт план за ДУП за урбан блок 14.2, бр. 26-1051/9,
9. Одлука за времен престанок со работа на ПУ во с.Стрмош при ООУ Никола Карев Пробиштип бр. 26-1051/10,
10. Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување на општина Пробиштип за 2024 година бр. 26-1051/11,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-1051/13 ОПШТИНА ПРОБИШТИП
31.10.2023 година ГРАДОНАЧАЛНИК,
Пробиштип Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.10.2023 година, расправајќи по Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2023 година бр.05-747/1 од 13.10.2023 година, го донесе следниот:

## ОДЛУКА

**За давање согласност на Финансиски извештај на ЈКП „Никола Карев’ Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2023 година**

Член 1

Се дава согласност на Финансиски извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2023 година бр.05-747/1 од 13.10.2023 година.

Член 2

Составен дел на Одлуката е Финансиски извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 до 30.09.2023 година бр.05-747/1 од 13.10.2023 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен гласник на Општина Пробиштип

Број 26-1051/2 Совет на Општина Пробиштип
30.10.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/2002) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.10.2023 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

**За усвојување на Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2023 до 30.06.2022 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во извештајот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1051/3 Совет на Општина Пробиштип
30.10.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина („Службен гласник" на Општина Пробиштип бр.04/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на 30.10.2023 година, ја усвои следната

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ
ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на уличното осветлување во општина Пробиштип за 2023 година бр 26-1072/22 од 24.11.2022 година, и измена на програмата бр 26-921/5 од 29.09.2023 година и тоа:

Точка ЈА-1 Расходи за изградба и реконструкција на улично осветлување

-Реден број 7 , Набавка и монтажа на командни ормари за јавно осветлување со вредност од „6.000.000" денари се заменува со вредност од „3.000.000" ден

Вкупно во подпрограмата ЈА-1 сумата од „8.110.000" се заменува со сума „5.110.000" денари.

Во графата се вкупно расходи, сумата „15.510.000" се заменува со сума од „12.510.000" денари.

Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба и одржување на уличното осветлување во општина Пробиштип за 2023 година стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1051/4 Совет на Општина Пробиштип
30.10.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина („Службен гласник" на Општина Пробиштип бр.04/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на 30.10.2023 година, ја усвои следната

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

Со оваа Програма се врши изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на општина Пробиштип за 2023 година бр 26-1072/18 од 24.11.2022 година објавена и тоа :

**Подпрограма Ји Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на води**

- Точката 1 „Изработка на проектна документација за канализациони мрежи, ревизии и елаборати" се брише
- Точката 2 „Трошоци за надзорски работи" се брише
- Точката 5 „Реконструкција на нов крак на канализација на улицата Илинденска со должина 130 м" се брише,
- Точката 8 „Изградба на линија за атмосверска вода на улица Илинденска со должина 75 м" се брише

Вкупно во подпрограмата Ји место предвидените „2 930 000" денари во графата буџет ќе стои „1.650.000" денари, а во графата донации останува истата сумата од „13.200.000" денари.

**Подпрограма Јн -Капитални инвестиции за урбана опрема**

- По точката 3 , се додава наова точка 4 „Набавка и поставување на автобуски постојки во 4 населени места"

Вкупно во подпрограмата Јн место предвидените „200.000" денари во графата буџет ќе стои „2.000.000" денари, а во графата донации сумата од 0 денари останува

Програмата за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пробиштип за 2023 година стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1051/5 Совет на Општина Пробиштип
30.10.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/2002) и член 29 став 1 од Законот за финасирање на единиците на локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015 и 209/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Пробиштип на 31 седница, одржана на 30.10.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за ВТОР РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ на ОПШТИНА ПРОБИШТИП за 2023 година

I.ОПШТ ДЕЛ
Член 1

| ОПИС | ПРВ РЕБАЛАНС | ВТОР РЕБАЛАНС |
|---|---|---|
| I.Вкупни приходи | **374.003.198** | **383.722.478** |
| Даночни приходи | 61.148.000 | 64.958.000 |
| -Неданочни приходи | 18.250.000 | 18.250.000 |
| Капитални приходи | 47.087.555 | 43.277.555 |
| Приходи од дотации | 189.461.000 | 199.158.167 |
| Трансфери | 45.378.445 | 43.375.719 |
| Приходи од донации | 12.678.198 | 14.703.037 |
| II. Вкупни расходи | **428.442.337** | **438.161.617** |
| Утврдени намени | 428.342.337 | 438.061.617 |
| Резерви | 100.000 | 100.000 |
| III. Дефицит | **-54.439.139** | **-54.439.139** |
| IV. Финансирање | **-54.439.139** | **-54.439.139** |
| Прилив | **57.262.539** | **57.262.539** |

| | | |
|---|---|---|
| Домашно задолжување | 20.883.466 | 20.883.466 |
| Депозит | 36.379.073 | 36.379.073 |
| **Одлив** | **2.823.400** | **2.823.400** |
| Отплата на главница | 2.823.400 | 2.823.400 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

Член 3

Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година влегува во сила со објавување во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1051/6 Совет на Општина Пробиштип
30.10.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2016, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019 и 14/2020), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.10.2023 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
**За давање согласност на измена на годишен план за вработување на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2023 година**

Член 1

Се дава согласност на измена на годишен план за вработување на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2023 година бр. 04-648/1 од 22.09.2023 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука измена на годишен план за вработување на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за 2023 година бр. 04-648/1 од 22.09.2023 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-1051/7 Совет на Општина Пробиштип
30.10.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6, 7 и 11 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник” на Општина Пробиштип бр.04/05, 25/14, 29/15 и 23/19), а во врска со член 89 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ” бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16, 275/19), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.10.2023 година ја донесе следната :

## ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РСМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2023 ГОДИНА

Се врши дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Пробиштип за 2023 година, бр.26-1072/17 од 24.11.2022 година („Службен Гласник на Општина Пробиштип„ бр.12/2022 ) и тоа:

Се врши дополнување на точката А- градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање со нов став кој гласи:

| Табела А ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ШТО ЌЕ БИДАТ ПРЕДМЕТ НА ОТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД ДУП за Блок 14.1 | | | | | | | | | | | | |
| Ре-ден бр. | Бр.на ГП | Вкупна повр-шина на ГП $m^2$ | Намена на земјиштето (основна класа) | Намена на земјиштето (опис) | Бр.на КП во состав на ГП | Повр-шина за градба $m^2$ | Бруто разви-ена повр-шина | Процент на изгра-деност % | Коеф. на искор. на земј. | Макси-мална дозволена висина м | Катност | |
| 34. | 14.1.17 | 2854,0 | Г2 | Лесна и незагад. индустр. | 735/1 | 1426,о | 2852,о | 49,97 | 1,о | 12,о | П+1 | |
| ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД УП за парцелација на ГП8 од ДУП за Блок 2.1 | | | | | | | | | | | | |
| 35. | 8.1 | 7142,71 | Г2 | Лесна и незагад. индустр | 4450 и 4451 | 2260,55 | 2260,55 | 31,65 | 0,32 | 7,5 | П | |
| 36. | 8.2 | 4559,12 | Г2 | Лесна и незагад. индустр | 4450 и 4451 | 1501,52 | 1501,52 | 32,93 | 0,33 | 7,5 | П | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 37. | 8.3 | 4521,97 | Г2 | Лесна и незагад. индустр | 4450 и 4451 | 1200,00 | 1200,00 | 26,54 | 0,27 | 7,5 | П | |
| ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ОД УПВОУП за фотоволтаични електрани до 10MW на КП.бр.49/1, КО Неокази | | | | | | | | | | | | |
| 38. | ГП 1 | 101562,8 | Е 1.13 | Површ. фотов. центр. | 49/1 | 84500,0 | 84500,0 | 83,2 | 0,83 | 6,0 | П | |
| 39. | ГП 2 | 101264,9 | Е 1.13 | Површ. фотов. центр. | 49/1 | 86000,0 | 86000,0 | 84,93 | 0,85 | 6,0 | П | |
| 40. | ГП 3 | 104026,5 | Е 1.13 | Површ. фотов. центр. | 49/1 | 86500,0 | 86500,0 | 83,15 | 0,83 | 6,0 | П | |
| ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ од ДУП за УЕ 10-дел, Блок S3 | | | | | | | | | | | | |
| 41. | ГП 8 | 371,0 | А1 | Индив. домув. | 787/36 | 100,0 | 200,0 | 26,9 | 0,54 | 10,2 | П+1 | |
| 42. | ГП 9 | 376,0 | А1 | Индив. домув. | 787/36 | 100,0 | 200,0 | 26,6 | 0,53 | 10,2 | П+1 | |
| 43. | ГП 10 | 362,0 | А1 | Индив. домув. | 787/36 | 100,0 | 200,0 | 27,6 | 0,55 | 10,2 | П+1 | |
| 44. | ГП 11 | 366,0 | А1 | Индив. домув. | 787/36 | 100,0 | 200,0 | 27,3 | 0,55 | 10,2 | П+1 | |
| 45. | ГП 12 | 361,0 | А1 | Индив. домув. | 787/36 | 100,0 | 200,0 | 27,7 | 0,55 | 10,2 | П+1 | |
| 46. | ГП 13 | 465,0 | А1 | Индив. домув. | 787/36 | 100,0 | 200,0 | 21,5 | 0,43 | 10,2 | П+1 | |
| 47. | ГП 23 | 385,0 | А1 | Индив. домув. | 787/36 | 100,0 | 200,0 | 26,0 | 0,52 | 10,2 | П+1 | |
| 48. | ГП 24 | 354,0 | А1 | Индив. домув. | 787/36 | 100,0 | 200,0 | 28,2 | 0,56 | 10,2 | П+1 | |
| 49. | ГП 25 | 354,0 | А1 | Индив. домув. | 787/36 | 100,0 | 200,0 | 28,2 | 0,56 | 10,2 | П+1 | |
| 50. | ГП 26 | 372,0 | А1 | Индив. домув. | 787/36 | 100,0 | 200,0 | 26,9 | 0,54 | 10,2 | П+1 | |
| 51. | ГП 27 | 466,0 | А1 | Индив. домув. | 787/36 | 100,0 | 200,0 | 21,5 | 0,43 | 10,2 | П+1 | |
| ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ од ДУП за УЕ 10-дел, Блок S4 | | | | | | | | | | | | |
| 52. | ГП 10 | 548,0 | А1 | Индив. домув. | 787/80 | 100,0 | 200,0 | 18,2 | 0,36 | 10,2 | П+1 | |

Програмата стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1051/8 Совет на Општина Пробиштип
30.10.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 27 став (5), а во врска со став (3) и (4) од истиот член, од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20 год.) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник" на Општина Пробиштип бр.04/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.10.2023 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**за утврдување на Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 14, Урбан Опфат 14.2, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**

### Член 1

Со оваа Одлука **се утврдува Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 14, Урбан Опфат 14.2, КО Пробиштип, Општина Пробиштип** , по претходно добиеното Стручно мислење од Комисијата за урбанизам на Општина Пробиштип Бр.10 –448/6 од 17.10.2023 год.

Границата на конкретниот плански опфат е опфатена со важечка планска документација односно дефинирана е со усвоениот ГУП за град Пробиштип (Одлука Бр.08-335/2 од 03.07.1997г.) и со границите на соседните блокови:

- **На север со улица „Славко Баев„**
- **На исток со улица „Јордан Стојанов„**
- **На југозападната страна ја сече КП.бр.975/1, продолжува по југозападната страна на КП.бр.975/1 и КП.бр.735/3, скршнува кон североисток по истата старна на оваа катастарска парцела и продолжува по осовината на сервисната улица „Цветко Тонев„**
- **На северозападната страна ја сече КП.бр.606 и граничи со КП.бр.732/1**

Според ДУП за Урбан Блок 14, Урбан Опфат 14.2, КО Пробиштип, Општина Пробиштип вкупната површина на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува П=4,40 Ха.

Нацрт планот за Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 14, Урбан Опфат 14.2, КО Пробиштип, Општина Пробиштип , со тех.бр. 03-70/2023 од **Октомври 2023**, за плански период 2023-2028, е изработен од **ДООЕЛ „НИМАЕР" – Струга, д.е. Скопје.**

### Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во „Службен гласник" на Општина Пробиштип.

Број 26-1051/9 Совет на Општина Пробиштип
30.10.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ” бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот нас Општина Пробиштип „(Службен гласник на Општина Пробиштип” бр.4/05, 15/14, 29/15 и 23/19) и член 28 став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република СеЕверна Македонија” бр.161/19 и 229/20) а по предходно добиена Согласност од Министерството за образование и наука бр. 12-10030/2 од 28.09.2023 година, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 30.10.2023 година ,донесе:

ОДЛУКА

**За времен престанок со работа на ПУ во село Стрмош при ООУ„ Никола Карев” Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука Подрачното училиште во село Стрмош при Општинското основно училиште „Никола Карев” Пробиштип, времено престанува со работа до повторен упис на ученици, по предходно добиена согласност од Министарството за образование и наука бр. 12-10030/2 од 28.09.2023 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен Гласник на Општина Пробиштип” и во „Службен Весник на Република Северна Македонија”.

Број 26-1051/10 Совет на Општина Пробиштип
30.10.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2016, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019 и 14/2020), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.10.2023 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

**За давање согласност на годишен план за вработување на Општина Пробиштип за 2024 година**

Се дава согласност на годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2024 година бр. 08-825/1 од 21.08.2023 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2024 година бр. 08-825/1 од 21.08.2023 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-1051/11 Совет на Општина Пробиштип
30.10.2023 година Претседавач,
Пробиштип Борче Миланов с.р.

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------